РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2620/2

02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 60 -та седница одржано на ден 31.01.2022 година ја донесе следната

**О д л у к а**

Пријавата со број 12 - 2620/1 од 30.07.2021 година, поднесена од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата.

Предметот со број 12-2620/1 од 30.07.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, поднесена е пријава заведена под број 12-2620/1 од 30.07.2021 година, по која е оформен предмет со информации за случувања во Неготино и во која се изразува сомневање дека постапката по оглас објавен за вработување на лица во ТЕЦ Неготино ќе се реализира законито и на правилен начин. Имено, подносителите на пријавата се сомневаат дека во постапката по огласот ќе бидат вработени лица без потребното работно искуство и кои биле блиски до старо-новиот кандидат за градоначалник на Неготино, а не млади лица кои навистина заслужувале да бидат вработени. Во анонимната пријава изнесени се општи и паушални наводи по однос на лица за кои подносителите се сомневаат дека ќе бидат вработени по огласот, без да се наведат конкретни и доволни информации по однос на тоа за кој оглас за вработување станува збор и кои работни позиции биле предвидени да се пополнат со истиот.

При разгледувањето на пријавените наводи, ДКСК утврди дека во пријавата се содржани општи наводи, нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава), по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk